РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4359/4
30.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 24.10.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Димитар Тануров, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Горјан Шеќеринов, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.10.2024 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Дрим Сат од Гостивар за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Нафи и Беко од Гостивар за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот МТЕЛ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 39-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.10.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 4**

Г-дин Трајчевски рече доколку Советот се согласува ќе даде еден вовед за трите предложени јавни опомени, за Дрим Сат од Гостивар, Нафи и Беко од Гостивар и МТЕЛ од Скопје, поради прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот програмски надзор кај трите оператори е констатирано дека реемитуваат програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Го информира Советот дека остварил телефонски разговор со директорот на операторот МТЕЛ од Скопје кој објаснил дека причината за реемитување на македонските канали без потврда за регистрација е заради тоа што до сега Договорот бил потпишан со МТЕЛ, а следниот Договор ќе биде потпишан со МТС директно во Белград. Објасниле дека во рок од 10 дена овој технички проблем ќе биде надминат односно ќе бидат потпишани договори со македонските канали и МТС директно во Србија. Наведе дека прекршокот на овој член од Законот и кај трите оператори е направен за првпат оваа година и затоа се предлага изрекување мерка јавна опомена, потоа им се наложува веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласат своето работење со ЗААВМУ и Секторот да направи контролен надзор.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-4299/1 од 17.10.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 17.10.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Hit Mix Music“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-4298/1 од 17.10.2024 година и едногласно заклучи на Услужното трговско производно друштво НАФИ И БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Услужното трговско производно друштво НАФИ И БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар, кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 17.10.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „ТВ Канал 5" кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-4307/1 од 18.10.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на РСМ, на ден 16.10.2024 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Телма", „Алфа ТВ", „Канал 5", „Алсат М", „Компани 21", „24 Вести", „News Max Balkans", „Diva", „Nickelodeon", „Nickelodeon Junior", „RTL", „RTL II" и „RTL Croatia", кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**